**Прилог 3**

**Комерцијална Банка А.Д. Скопје** Верзија 10.04.2002

# Упатство за користење на *услугите* *од* i-Bank *сервисниот центар*

1. По бирањето на бројот на говорниот автомат (**02 390-821**) следејќи го објаснувањето на говорниот автомат **се внесува PIN – от**, потоа се избира **копчето** [#]. Доколку автоматот врати порака за грешка (погрешен PIN и сл.) корисникот повторно го внесува PIN-от и го избира копчето [#].

2. Следејќи го упатството на говорниот автомат корисникот ја внесува сметката за која сака да добие информација во нејзината цела должина од **15 цифри и го притиска копчето** [#]. Доколку автоматот врати порака за грешка (погрешна сметка), корисникот ја внесува повторно сметката и го притиска копчето [#].

3. Автоматот го известува корисникот дека на располагање му стојат следните опции (доколку е претплатен за нив) со избирањето на соодветната цифра копче

**копче** [**1**] - *состојба на сметка*
**копче** [**2**] - *извод по факс на барање*
**копче** [**3**] - *не се користи*
**копче** [**8**] - *излез*
**копче** [**9**] - *упатство*

При изборот на копчето [2] (последен извод по факс на барање) гласовниот автомат го изговара претплатничкиот број на факсот на кој треба да се достави факсот. Доколку корисникот **се сложува** со бројот на факсот, потврдува со избор на **копчето** [5] во спротивно притиска било кое копче за да го внесе бројот на факсот на кој изводот треба да се достави. Во случај на притискање на било кое копче **различно од** [5] следејќи го упатството на гласовниот автомат корисникот **го внесува саканиот број на факс** и го избира копчето [#]. Гласовниот автомат го изговара бројот на факсот и доколку корисникот се сложува со него го избира копчето [5] а доколку сака да го измени повторно избира било кое копче различно од [5].